**15-898/1**

# ЗАПИСНИК

Од седницата на Централна изборна комисија на Стоматолошка комора на Македонија одржана на ден 19.07.2019 година.

На седницата присуствуваа д-р Ненад Цветановски, претседател на Централна изборна комисија, д-р Костадин Митев, д-р Милан Нацевски, д-р Александар Стојановски и д-р Ридван Алили.

Откако утврди кворум за работа, претседателот на Централната изборна комисија, д-р Ненад Цветановски го предложи следниот дневен ред:

1. Пребројување на гласови од РО Гази Баба и РО Гостивар.
2. Разно

Предлог дневниот ред беше едногласно усвоен.

1. Во Регионален одбор Гази Баба за подрачјето на општините Гази Баба, Илинден, Петровец и Арачиново се гласаше за дополнување на двајца членови во регионалниот одбор. Вкупен број на неупотребени гласачки ливчиња има 70. Вкупен број на избирачи потпишани во изводот од избирачкиот список кои гласале се 5 гласачи. Вкупен број на неважечки ливчиња 0. Вкупен број на важечки гласачки ливчиња се 5. Од предложените кандидати д-р Ана Дуковска Цветковска има 3 добиени гласови. Д-р Васко Иванов има 1 добиен глас. Д-р Малик Цветковски има 2 добиени гласови. Д-р Никола Подолешов има 4 добиени гласови. **Според добиените гласови за членови на Регионален одбор Гази Баба се избираат д-р Никола Подолешов и д-р Ана Дуковска Цветковска.**

   - Во Регионален одбор Гостивар за подрачјето на општините Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша, Дебар и Центар Жупа се гласаше за дополнување на двајца членови во регионалниот одбор и делегати во Собранието на СКМ. Вкупен број на неупотребени гласачки ливчиња има 119. Вкупен број на избирачи потпишани во изводот од избирачкиот список кои гласале се 38 гласачи. Вкупен број на неважечки ливчиња 0. Вкупен број на важечки гласачки ливчиња се 38. Од предложените кандидати д-р Зумри Емрулаи има 5 добиени гласови. Д-р Имран Жупани им 17 добиени гласови. Д-р Мирлинд Селими има 5 добиени гласови. Д-р Назми Ферати има 18 добиени гласови. Д-р Накил Исеини има 4 добиени гласови. Согласно Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија по бројот на добиени гласови од РО Гостивар како делегати во Собранието влегуваат д-р

Соња Јакимовска и д-р Назми Ферати,а д-р Имран Жупани влегува како член петти член на Регионален одбор.

2. По однос на оваа точка се разгледуваше Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија како предлог од Комисијата за статутарни и правни прашања. По однос на Правилникот, Комисијата закажа нова седница за измени и дополнување на истиот.

**Записничар**

Ивана Велјановски

**Претседател на**
**Централна изборна комисија**

Д-р Ненад Цветановски